
МАЈА
КРАЈ НА ИЛУЗИИТЕ
ENVY
FOMO
MKSN
MKSafeNet




Маја е во својот елемент. Сонце, смеа и жестока борба за секој поен со другарките. Дури и задевање со нејзината најдобра другарка Петра.


Не-ми-се-верува! Ја помина мрежата.


Е гледаш? Рефлекси ко мачка. Ти реков јас. Да ме почитуваш малку.
Добро, ајде, ти се посреќи еднаш. Не се занесувај. Кој прв до две?
Важи!


Ало, сервисот ми е како оружје.
Мора да се почитува.
Еве Маја го почитуваше.
Го почитував,
затоа ти ја забив назад.


Добро, а кога сме кај оружјето, го видовте професорот по историја како проба да го објасни виралното видео со мачката? Значи, ме заболе стомак од туѓ срам.
Леле, едвај се држев да не пукнам од смеа. И уште горд на себе, демек 'у фазон со децава'.


Рече 'јако'. Мислам дека ме напушти еден дел од мозокот на трети час.
Навистина, ова е врв. Ептен ми е мило што излеговме.
И мене. Подобро отколку да дремеме на телефон или да се шуткаме по дома, а?
Chips


Добро,
уште малку од светлечкава
трева на мостот...
LIGHT BRINGS JUSTICE
PROTECT WHAT IS GOOD
Веќе со часови, Маја е во транс, хипнотизирана, целосно исклучена...


Лео: Леле, јако лајтшоу. Ептен те бива. Мостов ти е ненормален.
Маја: Благодарам! Го мислам цела недела.
RoSquare
Фокусот е прекинат од нотификација од непознат играч. Комплиментот веднаш ѝ изнудува насмевка. Горда на својот труд, Маја едвај чека да одговори.


Лео: Се гледа. Еј, знаеш што ќе ти легне брутално на аватаров со целиов фазон?
Лео: Sunfire скинот. Ептен е редок.
Маја: Да бе! Sunfire скинот? Го барам сто години!
Лео: Имам код вишок. Ама е само за еднаш. Ај, дај ми број и ти го праќам веднаш.


Маја: Да бе! Sunfire скинот? Го барам сто години!
Имам код вишок. Ама е само за еднаш. Ај, дај ми број и ти го праќам веднаш.
Додека Маја се двоуми, нејзината интуиција, нејзиното претчувство добива форма. Горде пристигнува, превртувајќи очи уште пред да прозборува. Внатрешниот глас станува дух.


И... еве го.
Почетокот на проблемите.
Точно на време.
Бројот да му го дадам?


Не се пикселчиња,
тоа е Sunfire скинот!
И плус, фин е дечкото.
Ај да повториме. Некој рандом
лик од интернет
— што го знаеш буквално 90 секунди
— ти го бара твојот телефонски број.
За неколку светкави пикселчиња.


О, „фин бил“. Така ли?
Да сретнеш некој манијак во парк, ќе му дадеш број за маица?
Не! Зашто така се завршува на вести.
Не е исто!
Ова е само игра.


Така викаа сите...




Маја го внесува бројот, блокирајќи сè друго околу себе.




Пораката е испратена.




Телефонот веднаш светнува.



Маја го внесува секој знак – наградата е на само еден „Ентер“ од неа.




Та-даааа!


Тоаа! Запали! Знаев!
Е па? Одлично си помина. Фин дечко, ми помогна.




Адреналинот стивнува, но палецот не запира – движењето сега по социјалната мрежа UpNext е веќе автоматско.




Пред очите ѝ летаат илјадници слики – храна, забави, лица...




Објава од Аура: Само уште еден магичен понеделник! Преблагословена што го живеам најјакиот живот. Мора да ја најдете таа 'main character' енергија, знаете? #yachtlife #blessed #goodvibes




Споменот од паркот веднаш посивува...


Јахта... во понеделник?
А ние... игравме
одбојка во парк.




Aura (од видеото): Леле, луѓе, јака вест! Правам тим со UpNext за да ја најдеме следната ѕвезда! Тоа е 'UpNext Rising Star' натпреварот!



Аура: Ве бива за инфлуенсери? Да го живеете овој живот? Еве ви шанса!


Моја шанса...
Супер. Натпревар. Баш личи на паметна и зрела одлука.




Идејата веднаш се претвора во акција. Маја одлучува да стане инфлуенсер.




Маја ги внесува своите вистински податоци во еден здив.


Чекај, чекај, полека!
ЦЕЛО име и презиме?!
Вистински град?! ШКОЛОТО?!
Што е следно - адреса
и матичен број ќе им дадеш?
Create
PROTECT
WHAT IS GOOD


За да биде искрено, автентично, Горде. Аура постојано вика „бидете реални со фановите“. Треба да знаат која сум.
Да, да. „Автентичност.“ Сигурно сите ботови и интернет-манијаци ќе ценат колку си „автентична“.


RoSquare
PROTECT
WHAT IS GOOD
Добро де... прв пост.
Па што биде,
нека биде.




Маја го остава телефонот настрана...




Бум-шака-лакааа.....


Леле... Можно ли е?
Навистина им се допаѓа.
New Like!
Follower!
Follower!




Маја е опседната со статистиката на нејзиниот канал.


UpNext Analytics
Маја: Шш! Важно е. Ова е „енгејџмент“, интеракција, поврзување со фановите. Ми требаат лајкови, прегледи, следачи, коментари или што и да е...
Горде: Ах, врвна забава. Гледаш бројки како растат. Побитно од, на пример... да се забавуваш со друштвото, да положиш година.


Петра: Еј! Тренинг за 10. Доаѓаш?
PROTECT WHAT IS GOOD
Пораката од Петра излегува на екранот, нагло прекинувајќи го ритамот на бројките.



Дресот полека фаќа прашина.


Маја: Не можам, имам премногу за учење.
Ја лажеш најдобрата другарка за да импресионираш рандом ликови. Храбро, нема што. Да видиме до кај ќе стигнеш.
Петра: А. Во ред :( Се гледаме утре.



PROTECT WHAT IS GOOD
Добро, ако ставам јака транзиција на видеото, ќе има повеќе лајкови...


Не расте
доволно брзо...
LIGHT BRINGS JUSTICE
PROTECT WHAT IS GOOD
Вртоглавиот раст одеднаш запира.


А, да. Класичното копче 'купи си лажни пријатели'. Ептен паметна инвестиција. Знаеш што друго чини 20 долари? 20 палачинки со мед.
BOOST YOUR POST
Маја: Не е за пријатели, за „reach“ е! Ова е инвестиција во каналов. Во мојата иднина!


Checkout
Card Number
CVV
Confirm Purchase
CREDIT CARD
Горде: ... Ииии,
отидоа парите за палачинки.
КА-ТА-СТРО-ФА.



Маја ѕирка во дневната соба, со поглед полн со презир.


Маја: Значи не е фер! Тие по цел ден се на телефони, ама јас кога сум, веднаш е „проблем“. Едноставно, не ми веруваат.
Горде: Реално, едниот сигурно гледа мејлови од работа, другиот нарачува нешто. А ти се обидуваш да станеш позната гејмерка. Има... разлика.




Наредното утро стравот дека ќе ѝ го ограничат интернетот расте со секој скрол. Светот на пријателите продолжува да се врти, а таа веќе не е дел од него.


Не сфаќаат.
Ова не е само телефон.
Ова е... сè.
Горде: Е, тоа е. За нејзините, проблемот
е „премногу време на екран“.
За Маја, ова е социјален опстанок.
Тие ѝ го земаат екранот.
Таа мисли дека ѝ го земаат цел живот.




Три по полноќ. Нотификацијата блеснува, а заморот исчезнува во истата секунда.


Не... ми се верува. Не ми се верува! Навистина успеав!




Срцето ти лупа во грло. Еден клик и еуфоријата запира. Наместо награда, екранот ладнокрвно бара наплата.


Сто и педесет долари?!
???




Горде се појавува во истиот миг.


Не знаеш ти! Сигурно е за... за опрема! И да видат дека сум сериозна! Мора да инвестираш за да успееш!
Слушај ме. Ова е тој момент. Ова е огромниот, црвен знак за ОПАСНОСТ. Сите тие чудни претчувства што ги имаше? Сите сомнежи што ги потисна? Сите ти врескаат во лице. Не го прави ова.
PROTECT
IS GOOD


НЕ! Не си во право!
Ти постојано ме кочиш!
Ова ми е единствена шанса, а ти сакаш
да ја утнам бидејќи си исплашена!


Маја? Речиси е полноќ. Што купуваш?
Маја: Ништо! За... за каналот е. Инвестиција.
PROTECT
Тропањето на татко ѝ на нејзината подотворена врата, носејќи чаша вода, ја прекинува тишината. Маја панично го врти лаптопот, како да е фатена во злосторство.


Злато, зборувавме за ова. Не треба да си ги трошиш парите од штедната на вакви работи. Ми личи дека те искористуваат. Те молам... преспиј.


Ќе преспијам. Благодарам, тато. Добра ноќ.
Тато: Добра ноќ, Маја.




Штом нејзиниот татко си отиде, Маја ја извади својата дебитна картичка поврзана со нејзината штедна сметка од родендени и летни работни места.


Немој...
PROTECT
WHAT IS GOOD




... Последните бројки се внесени со ладна одлучност.


CONFIRM PURCHASE


Добро, добро, добро... би требало да е тука. Официјалниот мејл. Кодот за верификација. Што било!
PROTECT WHAT IS GOOD
Уште пред да се разбуди целосно, раката инстинктивно го грабнува лаптопот. Исчекувањето е посилно од сонот.


Ајде де... да не е во „спам“?
Ништо... Нема ништо.


Е ова е делот што го мразам. Моментот кога ќе сфати. Нема мајтап со ова. Само... боли.


LIGHT BRINGS JUSTICE
PROTECT WHAT IS GOOD
Нема контакт! Нема 'support' мејл!
Како во земја да пропаднале!


LIGHT BRI
JUSTIC
Ме излажаа. Ми ги... украдоа парите.


Е па добро. Ако јас не можам да ги најдам, ќе се погрижам сите да дознаат за нив.
UpNext
CLACK-CLACK-CLACK!


Lagnext Up Neents
UpNext
WARNING TO EVERYONE! THE RISING STAR CONTEST IS A TOTAL SCAM! THEY $TOLE $150 FROM ME!
#UPNEXTSCAM #RISINGSTARSCAM #SCAM
How it ament concept
Горде: Смири се, диши длабоко. Не брзај. Можеби треба да размислиме пред да реагираме?
Маја: Си го заслужија.




Телефонот зоврива од известувања, но наместо поддршка, екранот е полн со потсмев и навреди. Маја е шокирана од ужасните коментари на нејзината објава.


Што? Зошто се толку гадни? Само сакав да ги предупредам!
Горде: Добре дојде на интернет, мала. Чекор еден: имаш проблем. Чекор два: се жалиш јавно. Чекор три: те напаѓаат тролови што живеат за ова.




Сè уште збунета од коментарите, на Маја ѝ стигнува мејл. Го отвора и налетува на ладнокрвна закана што го запира здивот.


Суспендирање?!
Што сум направила?
Горде: О, ова е нешто ново.
А под 'ново', мислам старо
колку што е стар мејлот.




Зборовите „ТРАЈНО БРИШЕЊЕ“ удираат како пресуда и тајмерот почнува да одбројува, не оставајќи ни секунда за размислување.


Трајно избришан?!
Па... јас само што почнав!
Сите видеа... сите фанови...


Маја, чекај! Види го мејлот! 'Upnext-accounts.net'?
Тоа не им е сајтот! И види како пишува! „ПОСЛЕДНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ“, „ВЕДНАШ“. Пробуваат да те испаничат.
Ова е класична финта за да не размислуваш. Полека малку!


Не смеам да изгубам сè.
Морам да го средам ова. И тоа веднаш.
09:59... 09:58...




Кликот означува точка од која нема враќање.


UpNext
Што бе? Што ме исфрли сега? Па нели ја сменив лозинката?


UpNext
Verifying, Pless Walt...
Invalid Username or Password
Маја: Не, не, не!
Ова ми е пасвордот, бе!
Секој обид за најава е неуспешен.


PROTECT
WHAT IS GOOD
Ма не е можно ова...
SLAM!




Страницата се вчитува, но нејзиниот идентитет е избришан, заменет со победничкото, иронично лице на лошиот хакер KingTome.


Оставете ме намира...
SFX. BZZT!
Меѓу поплавата од отровни коментари...



Една порака од непознат број делува како појас за спасување.


Лео: Еј, видов што ти се случува на каналот. Катастрофа. Добро си?


Горде: Чекај малку. Овој со скиновите пак се јавува?
Таман кога си утепана? Тајмингот му е... да речеме интересен.
Некој...
ме разбира.
PROTECT
WHAT IS GOOD


Лео: Ич да не ти е гајле за троловине. Љубоморни хејтери. Тоа што го направи е храбро. Најсериозно.
Маја: Ужас. Само сакав да ги предупредам, а тие ме нападнаа. Ептен се гадни.
Маја: Ти благодарам. Мислев дека сум потполно сама во ова.
Лео: Не си сама. Тука сум.
Лео: Те сфаќам. Ние сме против сите, а? Луѓево не го сфаќаат 'hustle-от'. И моите се исти. Мислат дека ова е зафрканција...


Те имитира! „И моите се исти“ — тоа ти е основа на манипулација! Глуми дека сте поврзани, ви креира заеднички непријател!
Ма фин е дечкото, Горде. Ти си премногу негативна. Ни ти не сфаќаш.


Маја: Моиве ептен се секираат. И Петра ми пишува цело време, ама... не знам што да ѝ кажам.
Лео: Внимавај. Другарите и твоите ти мислат добро, ама не се во овој филм. Само ќе ти речат „исклучи се“. Не го сфаќаат притисокот, ни колку ти значи ова.
Маја цврсто се фаќа за единствениот глас што не ја напаѓа.


Во право е...
Таа веднаш ќе ми рече
„избриши го тоа“.
Лео: Мора да си веруваш сама на себе. Не на стравот, не на тоа што викаат другите. Ти длабоко во себе знаеш дека го правиш вистинското. Јас го гледам тоа. Те бива.
Маја гледа во непрочитана порака од Петра: „Еј, добро си? Слушнав дека некои деца се прават стока онлајн...“




Горде постепено почнува да исчезнува.


Маја: Во право си. Благодарам што ми пиша. Мислам дека си единствен што ме сфаќа.
Лео: Секогаш. Држи се до мене. Ќе ти помогнам околу ова.


Не можам да престанам да скролам.
Тоа дека ќе ми биде поинтересно е лага. Не се чувствувам подобро. Само ме прави повеќе бесна. Повеќе тажна. И повеќе осамена.


UpNext
MKSafeNet
АКО Е БЕСПЛАТНО, ТИ СИ ПРОИЗВОДОТ.
Маја: Производ? Ама... јас сум корисник. Јас ја користам апликацијата.
Маја застанува на објава од MKSafeNet.


Што всушност продаваат?
Дали? Размисли малку. Кој плаќа за сето ова? Сервери, инженери, интернет... не се плаќаат со лајкови. Како овие фирми се најбогати на свет?



Маја: Рекламите...
тие плаќаат.
Фирмите плаќаат.
Горде: Е тоа е вистинското прашање.
Не ти продаваат тебе ништо.
Па што останува?
UpNext
UpNext
EXPERIENCE THE FUTURE OF SPEED.
APEX RUNNER.
GET YOURS NOW.
SHOP NOW


Точно, ама и неточно. Тие плаќаат на UpNext, а потоа ти ја зголемуваат цената. А што купуваат за тие пари?


Купуваат... шанса јас да ги видам.
Го купуваат моето време.
Колку подолго гледаме,
толку повеќе реклами продаваат.


Тие го програмирале алгоритамот да учи.
Им требам „прикачена“.
Тоа е бизнис-план напишан од луѓе
што сакаат да профитираат од моето
време и внимание.


И после ми дава уште од тоа. Не за јас да сум среќна. Туку за да останам прикачена. Да заборавам на учењето, на другарите, на семејството.
Јас сум производот. Нешто како вицот: Си зборуваат две свињи во кочина. „Види ги овие будаливе ни даваат јадење без пари.“


Горде: Е сега сфати.


Не ми ги сакаат само парите. Ме сакаат... мене.
LIGHT BRINGS JUSTICE
PROTECT WHAT IS GOOD
Погледот се одлепува од екранот. Изгрејсонце. Вистинскиот свет одеднаш изгледа прекрасен во споредба со телефонот.



Стравот испарува, а на негово место се раѓа ладна, остра одлучност за борба.


Ептен бев среќна кога го добив Sunfire скинот. Мислев дека е подарок.
Не беше подарок. Беше мамка. И не си единствена што се фатила.
LIGHT BRINGS JUSTICE
PROTECT WHAT IS GOOD
Маја споредува како „бесплатните“ игри ги користат истите трикови. Стравот дека нешто ќе пропуштиш...


Маја: Го... има секаде. Воопшто не е редок.
Горде: Нормално дека не е. Целта му беше да се осетиш посебно на момент. Таман колку да ти го земе бројот. Ама и повеќето игри се направени на ист принцип.
Маја: Исто како првите лајкови и следачи на UpNext.


FUN
Маја: На почеток, сè е забавно и брзо.
Сакаат да ја засакаш.
Да се чувствуваш моќно.
COMPLETE!


FRUSTRATING
Маја: Ама штом се навлечеш, почнуваат да кочат. Ги прават забавните работи спори... и здодевни... и тешки.
Горде: Ти прават да ти е здодевно. Намерно.


Tired of waiting?
Get the DIAMOND AXE
and chop 10x faster!
Only 500 RoGems!
Маја: И таман кога најмногу си изнервиран, ти нудат решение. За пари.
Горде: Ти го продаваат лекот за болеста што тие ја создале.


00:05:43
TICK...
TOCK...
Маја: И после го имаш ова.
„Ограничена понуда.“
„Само за овој настан.“


Создаваат лажно чувство дека нешто ќе снема. Те тераат да мислиш дека ако не го купиш веднаш, си пропуштил засекогаш.
STARLIGHT DRAGON!
ULTRA RARE! NEVER TO RETUREN!
BUY NOW
FINAL CHANCE COSMOS!


Не е важно што сакаш. Важно е што се плашиш да не изгубиш. Го користат твојот страв да не бидеш изоставен.
И колку повеќе се плашиш, толку помалку мислиш на цената.
Маја: Не е игра. Продавница е. Направена да те направи несреќен, за да платиш за да ти биде подобро.
Горде: И „куќата“ секогаш добива.
RoSqware




Маја го применува својот критички поглед на светот на инфлуенсерите, поточно на Аура.


Сè е производ... пијачката... костимот за капење... Сè е реклама.
9:41
UpNext


Горде: Не продава таа палачинки.
Продава идеја дека ако ги купиш,
животот ќе ти биде совршен и сончев ко нејзиниот.
Маја: И таа е производот.
SunnyMorn
Orgsnic
Горде: Ти продаваат фантазија.
„Лајт“ утро. „Магичен“ понеделник.
Cbike
AURA
АУРА (Од објава): „Го започнувам денот како што треба со моите омилени палачинки од SunnyMorn! Толку вкусно и тотално без грижа на совеста!

# THE REALITY


Maja: Ама не е реално. Тоа е работа.
Работа со полно време, стресна и напорна.


LATE NIGHT EDITING
NEGATIVE FEEDBACK
BRAND CALL
Маја: Планирање, сликање, едитирање, договарање... сè за да се создаде совршен момент што всушност не се ни случил.
Горде: Сè за да биде алгоритамот среќен. Публиката да гледа. А фирмите да плаќаат.


И затоа го прават натпреварот.
Не е за да ја најдат „следната ѕвезда“. Не е за мојот сон.


UpNext
Маја: Тоа е аудиција. Тераат илјадници деца да им дадат пари, лични податоци и бесплатна содржина...
Горде: ... сè за мизерна шанса да станат следниот производ на платформата.


Сè беше лага.
Од самиот почеток.
Горде: Целиот систем е лага.

Слушај, зборував со еден другар. Хакер е. Вели дека знае кој стои зад KingTome и „хејтот“.

Сериозно?? Кој е? Можеме да го пријавиме?

Пријавувањето е џабе. Ама другаров може да пушти бот што ќе ги избрише сите хејтерски коментари и ќе го блокира KingTome засекогаш.

Тоа може да се направи? Леле, те молам. Не можам веќе да издржам.

Може, ама софтверот чини. Другаров бара 250 евра за да ја пушти скриптата. Јас сум шворц моментално, инаку ќе ти платев. Сакаш да му пишам да заврши работа?




Горде: И еве го. „Барањето“. Веднаш по „бомбардирањето со љубов“. Класика.
You're amazing!
You're amazing!
Thinking the you always
Sud ano io you always
Literally the best person I know!
Маја: Лео... сакам, ама не можам. Ги потрошив сите пари за натпреварот. Ако побарам од моите, ќе ми го земат телефонот.


Сериозна си? Јас се јавувам кај луѓе, ризикувам за тебе, пробувам да те спасам... и ти се стискаш за 250 евра? Мислев дека ти е битно ова.
LEO
Битно ми е! Најбитно! Ама вистина немам...
Лео: Штета. Бидејќи ако не го средиме ова, хејтерите може да најдат и други работи. Како оваа слика, на пример.
Image Loading...


Маја: Чекај. Оваа слика... Ја пратив само на Петра... во приватна порака на UpNext.
Маја: KingTome. Leo е KingTome. Истиот човек е.
Горде: Кој ти го хакна профилот? Кој ги чита твоите приватни пораки сега?
Лео: Знам многу работи за тебе, Маја. Каде излегуваш, со кого се дружиш. Не сакаш ова да стане... комплицирано. Ај размисли пак.
Лео: Утре сабајле сакам да го видам „софтверот“ платен. Инаку цел интернет ќе види каква си „автентична“. Не ме разочарувај пак, Маја.


Маја.
Мора да зборуваме.
Веднаш.
Наредното утро во училиште.


Еј, Маја... ти навистина го знаеш типов, Лео?
Ми прати твоја слика.
Ама... не е слика од профил. Слика од тебе во парк.




Петра и ги покажува пораките од Лео.




Маја седи разочарана во својот кревет. Ѝ пристигнуваат секакви пораки од луѓе што не ги познава.



Ѝ се враќаат сликите од сите случки и сфаќа дека она што се случува онлајн, не останува само онлајн.


Maja?


Мамо?



Згрешив! Многу згрешив! Премногу ми е страв! Сè почна бидејќи... ми беше страв да не ми биде здодевно.
Тој страв беше клучот. А јас им го дадов на тацна.




Наредното утро.


Линија? Како... за во полиција?
Не мора да значи. Експерти се баш за ова. Ќе знаат што да правиме со тој... Лео. Ќе ни дадат план.
mksafenet.mk, alobushavko.mk.
Им пратив мејл на alobushavko@childrensembassy.org.mk.


Тато: Заедно ќе се јавиме. Ќе бидеме со тебе цело време. Ти само треба да им кажеш што се случи.


Добро... Се согласувам.
Ајде да се јавиме. 116-111


Советник: Благодариме што се јави, Маја. Многу си храбра.
Советник: Е сега, првото и најважно: не бриши апсолутно ништо. Ни пораки, ни фотографии, ни неговиот профил.
Советник: Знам дека сакаш да го снема, ама тоа ти е доказ.


Советник: Стратегијата е проста: Не Бриши. Блокирај. Пријави. Го блокираш на сѐ за да не може да ти пише.
Советник: Потоа го пријавуваш на платформата за вознемирување и закани.


Маја: Значи, блок... па пријава. А што со Петра? Уште ѝ пишува.
Советник: Истото да го направи и таа. Не Бриши. Блокирај. Пријави. Колку повеќе пријави има еден профил, толку побрзо ќе реагираат.


1. BLOCK LEO
2. CHANGE ALL PASSWORDS
3. SECURE MY ACCOUNTS
4. CONTACT BANK
5. TELL SARA
Јасно. Можам. Имам список.


Еј! Благодарам што дојде.
Нормално. Ептен се секирав. Добра си?


Не. Не бев. И навистина, извини, Петра.
Те лажев, те откачував, те игнорирав. Нема оправдување.
Бев... изгубена. И исплашена.
Требаше да ти верувам.


Ма гајле ми е за тоа. Само се плашев за тебе.
Ептен ми е мило што повторно зборуваш со мене.


Моите и јас го решаваме. Типот е блокиран и пријавен сегде.
Супер. Што и да ти треба, тука сум. Тука сме. Ти чуваме грб.


Знаеш што е чудно? Сè почна затоа што ми беше страв да не бидам здодевна.
LIGHT BRINGS JUSTICE
PROTECT WHAT IS GOOD
Паметам. Ја виде Аура на јахтата и одеднаш и одбојка во парк не беше доволно добро.


LIGHT BRINGS JUST
PROTECT WHAT IS GOOD
Тоа чувство... тој страв да не бидеш изоставен, да бидеш обичен... тоа беше клучот.
Креаторите на апликацијата знаат дека стравот носи кликови. Го дизајнирале системот да го најде мојот страв и да го искористи против мене. Не е грешка во системот, тоа е стапица.
Така е направен. Ја наоѓа твојата најдлабока несигурност и ја претвора во „слот-машина“.


Не сум само јас.
Колку други деца се осеќаат вака?
Дека не се доволно добри?
Некој мора да објасни како
работи ова. Како ги вртат
нашите чувства против нас.
Горде: Звучи ко нова
работа за „креатор“.

# BORED BRAIN


Маја: Размислував за здодевноста. Ептен ѝ се плашиме. А, всушност, тогаш се случуваат многу битни работи.
Маја: Тоа е тој тивок простор кога сфаќаш кој си, што сакаш, што сакаш да сториш.
Маја: Ама алгоритамот е дизајниран за „новина“. Секој 'swipe' е лотарија. Виц. Шок. „Пранк“. Мозокот го сака изненадувањето, па никогаш не ти вика „доста е“.

# ALGORITHM BRAIN




REAL VS. ALGRITHMIC CONNECTION
Маја: Им дозволуваме на непознати уредници да одлучуваат што ќе гледаме. „Фидот“ само ни сервира тоа што некој друг сака да го видиме.
Маја: Те спречува да се поврзеш со луѓето околу тебе за да имаш повеќе време за нив. Заменува вистинска врска со евтина имитација, а ние ја плаќаме цената.
Горде: Како одговорно да користиме социјални мрежи? Прво...


UpNext
Delete Post
Секој пост, секој таг, секој 'check-in'... сè е трошка. Оставаш трага со години.
Твојата дигитална трага. Тоа е приказната што ја кажува интернетот за тебе, сакала ти или не. А типови како Лео се ептен добри во читање.
Маја почнува да го брише својот digital footprint.


Горде: Исто, известувањата. Тие се дигитални јадици, дизајнирани да те прекинат и да те влечат назад. Исклучи ги. Ти одлучуваш кога ќе провериш, а не тие.


Горде: Апликациите се шпиони. Знаат каде си, што гледаш и што правиш.
Избриши ја апликацијата и користи го пребарувачот (browser).
Така им даваш помалку податоци.
PUBLIC
FRIENDS ONLY
Горде: Исфрли го телефонот од спална.
Екраните зрачат сино светло што го лаже
мозокот дека е ден, а емоционалните скокови нè држат будни.


PASSWORD STRENGTH
Прво, тоа што требаше да го направам одамна. Лозинки. Ми рекоа да бидат долги — ко цела реченица — и никогаш да не ја користам истата.
WEAK & VULNERABLE
Maja123
STRONG & COMPLEX
V0lleyBall@!Park#23
Да користиш иста лозинка секаде е како да имаш ист клуч за дома, за автомобилот и за дневникот. Штом ќе ти го земе, крадецот има сè.


TWO-FACTOR AUTHENIICATION (2FA)
Маја: И најбитното? Two-Factor Authentication.
Тоа е втор код што ти стигнува на телефон кога се логираш.
66-2540-08
1. Enter Password
2. Receive Code
3. Enter Code & Log In
Горде: Тоа значи дека дури и манијак како Лео ако
ти ја украде лозинката, нема да може да влезе доколку го нема
и твојот телефон. Тоа ти е како блиндирана врата за дигиталниот живот.


Добро, добро, се предавам! Мојот профи сервис оди во пензија. Премногу си добра!
Не се мајтапи. За забава играме.


За малку ќе ме натераа да го заборавам ова.
Ова е вистинско. Не е глума, не е бренд.


Ја научив разликата. Онлајн, влогот е мал. Лесно е да се поврзеш...
и исто толку лесно да блокираш, да си отидеш, да замениш.
Нема мотивација да ги поправаш работите.


А ова... ова е голем влог.
Имаме историја. Да си отидеш значи да изгубиш нешто вистинско. Затоа вреди да се бориш.


Ни продаваат фантазија, а ја користат нашата несреќа за профит.
Ама ние можеме да го одбереме ова.
Можеме да се избориме за подобар интернет. Што ќе ни служи нам.
А не на некои богати „фрикови“.
Затоа сподели ја и ти приказната. За доброто на сите.

Наслов:

Маја: крај на илузиите

Институт за дигитализација, економија и иновации

веб: idei.org.mk

е-маил: info@idei.org.mk

Изработил:

Александар Тримчевски

MKSafeNet

IDEI Institute for Digitalization Economy and Innovation

Министерство за дигитална трансформација
Ministry of Digital Transformation

Ко-финансирано од Европска Унија